Врз основа на член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19 и 153/19"), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 07.12.2020 година го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

## I

**СЕ ОТПОВИКУВААТ** одобренијата за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евиденциски броеви 111120 (Ченто космо-МТХ), 110986 (Сингелиќ-МТХ), 111957 (Ракотинци- МТХ), 111365 (Горно лисиче- МТХ) и 109653 (Пинтија- МТХ) издадени од Агенцијата за електронски комуникации на корисникот **Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ, Плоштад Пресвета Богородица бр.1,** на барање на корисникот.

## II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

## III

Ова решение е конечно.

## Образложение

Агенцијата за електронски комуникации издаде одобренија за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евиденциски броеви 111120 (Ченто космо-МТХ), 110986 (Сингелиќ-МТХ), 111957 (Ракотинци- МТХ), 111365 (Горно лисиче- МТХ) и 109653 (Пинтија- МТХ) на корисникот **Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ, Плоштад Пресвета Богородица бр.1**.

Корисникот, Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ, на 04.12.2020 г. достави барање за отповикување на одобренијата за користење на радиофреквенции во фиксна служба под горенаведените броеви.

Агенцијата за електронски комуникации во согласност со член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19 и 153/19“), донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: уп1 бр.0802-705
Скопје, 09.12.2020

Раководител на Одделение
Лидија Пауновска

Раководител на Сектор за радиокомуникации:
Јане Јакимовски

**Директор**

**Сашо Димитријоски**

Доставено до:
- странка
- сектор за радиокомуникации
- сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенции
- архива